РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

03-692/4
24.03.2023

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) по „Внатрешна архитектура и дизајн" на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) по „Внатрешна архитектура и дизајн" на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-669/7 од 23.01.2023 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар се обрати со барање бр.0306-208/01 од 07.03.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-692/1 од 08.03.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) по „Внатрешна архитектура и дизајн" на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-692/2 од 13.03.2023 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 14.03.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-692/3 од 21.03.2023 година, каде е наведено дека за Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) по „Внатрешна архитектура и дизајн" на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар,се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Sevgil Murtezi

CamScanner ile tarandı